РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-3186/3
15-06-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот -------------------, на 49-та седница одржана на 07.06.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 09.10.2020 година од подносителот --------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3186/1 од 14.09.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3186/1 од 09.10.2020 година од причина што наводите во пријавата не се однесуваат на сомневање за можна злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба од службено лице заради остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, за што е надлежна ДКСК согласно овој Закон.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3186/1 од 14.09.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ------------------.

Имено, во пријавата се бара од ДКСК за лицето --------------- да побара, врз основа на сиромашко право согласно чл.13, чл 13-ст.1 и 4 од Законот за судски такси, чл.14, чл. 15 ст.20 од Законот за административни такси и чл. 163,164, 165 и 166 од Законот за парнична постапка, кои може да се применат и во кривична постапка, а поради неговата исклучително тешка и лоша социјално-економска егзистенцијална состојба и тешка семејна положба и како лице со здравствени проблеми и со ограничена здравствена активности и способност, повлекување на предлог барањето за извршување против него и стопирање на извршување во врска со Извршен предмет И.бр. 391/2012 од Извршител -------------- (кој е покренат од Основниот суд во Штип како доверител за трошови за медицинско вештачење по предмет К.бр. 299/05). Воедно, во пријавата се бара повлекување на барањето за извршување на трошоци за медицинско вештачење во износ од 1.500,00 денари, каде дополнително му се побаруваат 1.236,00 денари на име на камата на главен долг и износ од 4.082,00 денари за извршни трошоци и воедно бара сите трошоци за вештачењето во предметот К.бр. 299/05, каматата и извршните трошоци да паднат на товар на Буџетот на РСМ или на буџетот на судот.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека наводите во пријавата не се однесуваат на наводи за сомневање за можна злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба од службено лице заради остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, за што е надлежна ДКСК согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, па оттаму заклучи дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И. П.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**